МАКЕДОНСКА РИЗНИЦА

електронско списание

Република Македонија

Август 2014 | Број 25

Македонска Ризница

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:
Благојче Андонов

ДИЗАЈН:
Сашо Гачев

РЕДАКЦИЈА:
Гоце Панговски

СОРАБОТНИЦИ:
Драги Михајловски

Никола Анѓелкоски

Дарко Тасев

Никола Темков

ИЗДАВАЧ:
Александар Стеванов

Почитувани читатели,

Списанието „Македонска Ризница“ ја прослави својата двегодишнина од постоењето. Во овој период објавивме илјадници страници од македонската историја, фолклор, традиција, уметност итн. Интересот кај читателите е сè поголем со што имаме мотив плус за објавување на нови содржини од нашиот бит.

Во овој број ја имаме таа чест за прв пат во Македонија да ги претставиме делата на ирскиот поет Вилијам Батлер Јејтс, преведени од професорот Драги Михајловски, кому особено сме му благодарни за добиената доверба.

Исто така ќе ве запознаеме со револуционерно знаме кое што го вееле македонските борци, како и со случувањата во Радовиш во 1944 година. Ви посакуваме пријатни мигови.

Со почит,
Благојче Андонов

Во овој број ќе читате:

Интервју: Драги Михајловски

Гоце Панговски 06

Вилијам Батлер Јејтс

Драги Михајловски 18

Рушење на американски воен авион близу Радовиш, Македонија, 24 јуни, 1944 г.

Гоце Панговски 26

Отворено писмо на редакцијата на Македонска Ризница до властите на С.Р. Германија

Редакција 30

Димитар Миладинов

Никола Анѓелкоски 33

Дарко Тасев - топ 10 албуми

Гоце Панговски 34

Знаме на македонските револуционери

Александар Стеванов 38

На Балканот: населението во Гумурџина; бркање на бугарските власти задолжени да го окупираат градот

Никола Темков 40

Редакцијата на Македонска Ризница

на сите Македонци ширум светот им ја честита 111-годишнината од Илинденското востание и 70-годишнината од првото заседание на АСНОМ.

Воедно ја користиме оваа прилика да им укажеме на сите засегнати институции и поединци да не си поигруваат со најголемиот македонски празник и да го нудат за некакви „заеднички“ прослави со било кого.

Востааін'ето
ни покажа, оти ниіе македонците не можиме да очекуаме помок' од никоі од балканцките држаици, оти решеін'ето на нашето прашаін'е іет сето во раците на Големите Сили, и за тоа нам и не ни требит да соіединуаме и збркуаме нашите интереси со чиіи и да бидит словенцки на Балканцкиіот полуостров. Нам ни требит натрешно обіединуаін'е мег'у себе: не ни требат во Македониіа ни срби, ни бугари, ни грци, оти не сме ни іедното, ни другото, ни трек'ото; не ни требат патриархисти, екзархисти, оти ниіе сме само православни рисіани. Делеін'ето іет искуствено создадено од балканцките држаици, намерени да дел'ат Македониіа со стечен'е на обстоіател'ствата. Но македонците, на сегашната степен на нивното национално развитіе, не сет материіал во раците на малечките балканцки држаици, ами сет силен етнографцко-политичен фактор, от коі шчо поеке зависат судбите на Македониіа, отколку од малечките балканцки држаици. Тиіе македонци, шчо покажаа таква способност во своіето национално-политично организуаін'е, шчо покажаа таквоа примерно жртвуаін'е со своите интереси во полза на интересите на своіата татковина, не со по малечок успех, ке можат да организират секакви препіаствиіа на националните и религиозни пропаганди, шчо цепат денеска народот наш на делои враждебни іеден кон друг.

Крсте Петков Мисирков „За Македонцките Работи“ стр. 77

ИНТЕРВЈУ

ДРАГИ МИХАЈЛОВСКИ

1. Г-дине Михајловски, за привилегирана група на Македонци од повеќе генерации, меѓу кои е и потписникот на ова интервју, беше чест и задоволство да се биде ваш студент. За пошироката македонска читателска публика вие сте извонреден писател и уште подобар преведувач. Ве молам да се претставите на читателите на „Македонска Ризница“.

Роден сум на 16.10.1951 година во Битола каде што завршив основно (Гоце Делчев) и средно образование (гимназија Јосип Броз-Тито). Филозофски факултет, група за англиски јазик и литература, завршив во Скопје (1974 година) каде што магистирав од областа на компаративна книжевност (Книжевниот лик на Скендербеј кај Прличев и во делата на англиски јазик) и докторирав од областа на преведувањето (Очудување и можни преводни модели врз примери од англиската книжевност) како прв доктор од областа на преведувањето во Република Македонија. Редовен професор сум на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје по предметите теорија и практика на преведувањето. Сум ги објавил збирките раскази „Речно улиште“ (1981); „Џон“ (1990); „Скок со стап“ (1994); „Триполската капија“ (1999); „Раскази од шести кат“ (2003) , „Пеперуткарот” (2010) и „Во земјата на човекојадците“ (2014); романите „Пророкот од Дискантрија“ (2001); „Смртта на дијакот“ (2002); „Мојот Скендербеј“ (2006) и „Бајазит и Оливера“ (2009); книгите за деца „Волшебното котле и други бајки“, двојазично англиско-македонско издание (2005) и „Сиромавиот и чучурлигата”, двојазично англиско-македонско издание (2000); книгата преводи и есеи „Нераспнати богови“ (1991); студијата „Под Вавилон: задачата на преведувачот“ (2002 и 2006); драмата „Шарена убавина“ (2005) и книгата колумни „Колумни“ (2007). Од англиски на македонски сум превел преку 130.000 стихови меѓу кои 37 драми и 154 сонети од В. Шекспир, епот „Загубениот рај“ од Х.Милтон, епот „Беовулф“, поезија од Х. Дан, В. Вордсворт, С.Т. Колриџ, Х. Кииц, П.Б. Шели, В.Б.Јејтс. Т.С. Елиот, Б. Брејтенбрах, Лез Мари, Д. Волкот, кинеска и индиска поезија како и проза од О. Вајлд, С. Христов, И.Би. Вајт, Т. Морисон, Кензабуро Ое и др. За својата работа како писател сум ги добил речиси сите книжевни награди во Македонија (на Книжевна младина на Македонија за дебитантска книга, 1981; Рациново признание, 1994; Стале Попов, 2002 и 2006), а за работата како преведувач наградите „Григор Прличев“ (1996, 2013), „Зимски саем на книгата“ (2006) и „Кирил Пејчинович“ (2010). За препевот на Шекспир, покрај наградата „Григор Прличев“ сум добил и признанија на Нова Македонија, МРТВ и Битолски весник. Мои дела се преведени на англиски, германски, француски, италијански, бугарски, албански, хрватски и словенечки. Сум бил уредник на Lettre Internationale, Стожер, Стремеж. Член сум на Друштвото на писателите на Македонија, на ПЕН на Македонија и на Здружението на писателите за мир, Вашингтон, САД.

2. Да се биде омилен даскал на генерации и генерации студенти е голем успех. Како ви успева тоа?

Само со систематска работа, со длабоко сосредоточување и со потиснување на мислата дека треба да излезете онаков каков што сте пред сто и повеќе студенти и да бидете на висината од вашата необична задача, ем да научат нешто за преводот, ем да бидете јасен и занимлив за повеќето од нив. Фантастична е работата со млади луѓе, но и многу одговорна. Треба секогаш да сте достоен во знаењето на себе, но и да бидете интересен за студентите зашто



тие одлично знаат кога блефирате, а ви веруваат и ве слушаат и учат само кога и вие сте убеден дека верувате во она што го беседите, дека го давате максимумот и ништо не криете од нив или, на нејасното, не преминувате набрзина на друго и не се правите на удрен! И не сакаат, со право, да им читате! Им станува многу здодевно! Често ја споредувам уметноста на предавањето со уметноста на оперскиот пејач Паваротиој, пред да излезел на сцена, си говорел сам на себе: Излези голема за да влези малиот! Што во превод ова би значело? Би значело, Бегај суето за да влезе Бог! И кога ќе излезел Паваротиона сцена Бог пеел низ него! Така е и со предавачот! Ако пред часот ја совлада суетата и го пушти Бог да говори низ него и часовите ќе му бидат успешни, сакани и посетувани, а во споротивно ќе мора студентите сосила да ги држи на час, со непопуларните мерки како потпишување, прозивање итн...! Страшно! На ваквите не им е местото зад Катедра, туку на друго место, на она за што се создадени, а сите сме создадени за нешто! Само треба да се бараме и сигурно ќе се најдеме!

3. Вие сте роден битолчанец. Колку Битола и битолско имале и имаат влијание врз вашиот светоглед?

Многу. Ако некој го чита она што сум го напишал, ќе види дека, всушност, никогаш не сум заминал од родниот град, иако честопати, дејството во моите раскази и романи се одвива на други места. А и јазикот ми е битолски со тоа што, како што вели нашиот Мисирков, многу е збогатен со научена лексика од сите краишта на етничка Македонија и со почитување на нормите на современиот македонски јазик. Нас уште од мали во Битола нè учеа да бидеме широки, да ги сакаме луѓето без оглед кои се и на какава народност и вера припаѓаат: До доаѓањето мое во Скопје, никогаш не сум размислувал дека луѓето можат да се разликуваат по народност, вера, припадност. За мене сите луѓе се исти, така ме учеле, така и денеска ги сфаќам и одбивам да ги разберам дивјаците, националистите, неофашистите и сличните на нив вагабонти од која било провиниенција. Нив не им е местото во едно питомо, развиено и демократско, европско општество што сакаме и настојуваме да го изградиме.

4. Автор сте на повеќе објавени книги раскази и проза и член на Друштвото на Писателите на Македонија од 1992 г. Зошто почнавте и зошто сеуште пишувате и објавувате, кој „црв што врти невидлив во ноќта“ ве тера на таков културен потфат?

Убаво го цитиравте англискиот ромнатичар од деветнаесеттиот век Вилијам Блејк. Предавачката кариера завршува, но писателската работа е вечна и трае цел живот. Нема тука крај. Не џабе рекол Прличев „Само смртта ќе ми го отмит перото од рака“. Зар Теодосиј Гологанов, првиот преведувач на епот Загубениот рај на Милтон во 1898 година, не го нашла смртта на осумдесет години во еден бугарски манастир наведнат над својот труд за блажени Августин и неговата држава божја? Зар истото не било и со многу други автори? Зар одличниот американски раскажувач од дваесеттиот век Карвер не го затекнала смртта додека работел на делото од големиот Чехов? Или нашиот Стојан Христов додека работел на некој друг голем творец? Не знам зошто и како сум почнал да пишувам, но знам сега како зрел и возрасен човек дека пишувањето нема почеток и крај, „почнуваме“ можеби несвесни со што се зафаќаме, а „завршуваме“ со мисла дека е прекус човечкиот живот за да ја раскажете целосно својата уникатна приказна!

5. Болката на Македонија со апсурдниот наметнат спор од страна на Грција во рамките на ОН поради т.н. „разлика околу името“ што еве веќе две децении ги мачи сите Македонци на маестрален начин ја претставивте во вашата книга „Пророкот од Дискантрија“, преку чиј што наслов и содржина ги раскринкавте и исмеавте разно-разните емисари што со години ни доаѓаат од зад европскиот „sид“ и без трунка чест и крајно



безобразно на македонските медиуми Македонија ја нарекуваат “this country”. Книгата ја издадовте во 2001 г., што мислите денеска околу ова прашање?

Исто, не сум го сменил своето мислење од 2001 година кога го напишав овој роман потттикнат од „смешните“ Европејци кои најбезобразно доаѓаа кај нас, јадеа, пиеја и нѐ нарекуваа „дис кантри“ небаре сме некоја банана држава во која се мачеа, со помош на „полудените“ Албанци, довчерашни наши браќа, да нѐ претворат, а чија желба беше и остана

остварувањето на сонот за голема етничка држава! Единствената разлика е што денеска сфаќам дека иронијата ми била залудна, дека џабе сум се трудел да постигнам една позитивна иронија во стилот на Џонатан Свифт или Монти Пајтон кога работите не се сменети или се, но во обратна, полоша насока за нас. Тие уште не нѐ признаваат и уште се на страната од нашиот тврдоглав и упорен во глупоста сосед кој не може никако да сфати дека светот бргу се менува, дека многу „нови“ нации се раѓаат, множество „стари“ умираат и исчезнуваат. Не, не им се лутам на Грците, тие се такви, без мера, и предобри и прелоши, без средина, типични Балканци, прегостољубиви и прељубезни како домаќини, но и пренационалисти и прешовинисти кога ќе се видат на позиција повисока од вашата на која можат да ги покажат своите скриени амбиции, туку на Европејците кои, зафатени со своите неразумни и бесмислени кавги, ги подржуваат и немаат слух за нас малите и за нив безначајни нации.

6. Во „Пророкот од Дискантрија“ за да ја раскажете модерната македонска мака околу името се користите со средновековни личности и движења, како на пример Богомилското учење, Теофилакт охридски, Василиј итн. На што се должи вашиот интерес за историските настани и личности од средните векови и од каде ги црпите доста темелните познавања за овој период?

Уште од мал сум ја сакал историјата и до ден-денешен се трудам истата да ја учам од оригиналните извори, а не од оние што истата ја цитираат и вадат од неа чудовиштни тези според потребите на политичките елити. Затоа и мојата препорака до помладите: Учете историја од Библијата, Херодот, а не од оние што ги цитираат! Читајте го Маркс, а не марксистите, Платон, а не платонистите! Така најдобро ќе стигнете до саканите историски податоци! Читам, со нужна воздржаност, зашто сум свесен со која цел се пишувани многу наши книги, и наши автори како историчарот Бранко Панов, на пример, и неговата Историја на средновековна Македонија во три дела или аматерската, но моќна Историја на македонскиот народ од Ѓорѓија Пулевски или Историја на Отоманската Империја исто во три тома на Германецот Џозеф вон Хамер или Историја на Велика Британија, Историја на САД... Од сите може да се научи под услов да ја задржите нужната воздржаност што произлегува од вашиот задолжително широк став: сите народи се произлезени од еден творец иако сите имаат своја историска вистина, сите имаат заедничко, универзално потекло и сите, без оглед на бројноста, се рамноправни на земјата што ни е дадена привремено на користење!

7. Вашиот занает, ако може така да се каже, е преведувањето од англиски на македонски јазик. Умешноста то а дагоправитенанајдобар можен начин, освен пред вашите колеги и студентите, за македонската јавност во печатена форма ја покажавте со издавањето на „Нераспнати Богови, Од Дан до Расел“. Вистинско богатство во оваа книшка издадена во 1991 г. се белешките кон извонредните преводи, во кои македонскиот читател го запознавате со секој од десетте преведени автори и исцрпно ги деконструирате и разоткривате сите нитки во нивните дела, притоа често правејќи паралели со македонската литературна традиција. Преку нив се открива вашето раскошно познавање не само на двата јазика, туку подеднакво и на британската и македонската литературна традиција и култура воопшто. Се чини тоа е патот што треба да го изоди секој што сака да биде преведувач од еден на друг јазик?

Не по секоја цена, но пожелно е за преведувачот што си поставил за задача да донесе во македонската култура големи автори со свои идеи и концепти. Без посвета, задлабоченост во двете култури, нема резултати! Преведување култури, ете што е вистинската задача на добриот преведувач!

8. Колку делото на преведувачот, на јазикот на којшто преведува, всушност станува негово дело наспроти оригиналот?

Мора да се има мера и во тоа таканаречено одомаќинување на странскиот автор. Мојата теза е првин откривање на литерарноста на еден автор односно она по што тој се разликува од своите современици, по што е чуден, необичен, посебен, свој по однос на другите автори од неговото време, а дури потоа свесно осовременување на истиот и негово приспособување на изразните можности на современиот јазик. Денеска и покрај сето влијание што го извршија деконструктивистите на Дерида за изедначување на личностите на преведувачот и авторот, сепак остануваат разлики што треба да се земат предвид: Преведувачот, иако двајцата пишуваат, е вторичен, секогаш доаѓа по авторот, е изведен (а со тоа и помалку платен, иако денеска имаме апсурдна ситуација во која авторот, за да пишува, мора да преведува!) и авторот ја има таа привилегија да се занимава директно со стварноста од која слободно зема теми и ја претвора во јазик, додека преведувачот е ограничен и се занимава со туѓа стварност веќе еднаш претворена во јазик! Преведувачот, значи, нема непосреден контакт со стварноста, туку само со јазик и тоа туѓ, на авторот, што пред него имал привилегии да ги селектира од стварноста своите референти и да ја претвори истата во јазик! Не случајно сите преведувачи отсекогаш имале туѓ текст до себе и многу помагала: енциклопедии, речници, глосари итн. Со еден збор, за да направите добар превод, вие мора да сте поучен од авторот! Не случајно се вели дека преведувачот е на половина пат помеѓу народен пејач и научник!

9. Минатата 2013 г. издадовте капитално дело со наслов „Вилијам Шекспир, Сите драми и сонети“. Книгата, како што кажува и насловот, ги содржи сите 37 драми и 154 сонети на Шекспир преведени на македонски јазик. При нејзиното обнародување писателот и професор Венко Андоновски за ваквиот преведувачки подвиг сосема заслужено ве нарече „човек епоха“ и издавањето на книгата го нарече „културен настан рамен на преводот на Светото писмо“. Се спомена дека на преводите сте работеле три децении. Кажете ни нешто повеќе за почетоците и развојот на овој преведувачки подвиг?

Уште еднаш му благодарам на Венко што најде време да ја промовира книгата на Шекспир и што направи толку, за мене, големи и важни паралели со преведувањето на Светото писмо и неговото издавање во 1990 година. Мислам дека време беше да ги имаме на современ македонски јазик собрани во еден том сите триесет и седум драми и сто педесет и четири сонети на Вилијам Шекспир. Ние и пред ова имавме некои од драмите на Шекспир на македонски (Конески, Шопов, Сталев, Ковилоска, Ѓузел) но никогаш не сме ги имале во еден том и сите во еден сосема нов препев работен со целосен и постојан увид во оригиналот. Препевот на Шекспир го работев со нужни прекини во кои ги пишував своите раскази, романи и подготвував и држев предавања на Факултетот, околу три

децении како составен дел од подготовките за моите предавања. Во почетокот (1983 г.) работев на машина за пишување, а потоа, кога станаа достапни, и на разни компјутери. Почнав да го работам Шекспир со желба да го преведам непреведеното од моите колеги, но како поминуваше времето, а јас упорно и постојано работев на него, така и амбициите ми растеа, да го препејам целиот Шекспир на современ македонски! Така и се случи да ги имаме целосно сите негови драми и сонети! Со ова и со некои други преводи (Библијата, Илијада, Одисеја, Енеида, Загубениот рај, Беовулф и многу други) паднаа во вода сите теории измислени од нашите надворешни непријатели и домашни скептици за сиромашноста на современиот македонски јазик и неговата неможност да ги прими во себе големите дела од светската книжевност!

10. Делата на Шекспир се напишани на еден архаичен англиски јазик којшто веќе не е во секојдневна употреба во Англија или во другите краишта на светот каде се употребува англискиот јазик. Како се справивте со архаизмите кај Шекспир при преводот на македонски?

Јас веќе го објаснив на кратко начинот на кој го работев Шекспир. Првин ги откривав сите отстапки што ги правел Шекспир во однос на своите современици (архаизмите се дел од лексичките отстапки со кои врие делото на бардот!) а дури потоа, следејќи ги инструкциите на Германецот Валтер Бенјамин, се трудев истите со љубов и во детаљ да ги пренесам во мојот препев правејќи истовремено напор, „другото“ да го пренесам на што појасен и поразбирлив современ јазик. Најважно е откривањето на литерарноста (она што делото го прави посебно, уметничко!) односно правењето на тн. „матрица на преводливоста“ која се состои од сите отстапки(очудувања) што ги правел авторот при претворањето на стварноста во јазик на логичко и на граматичко ниво, а дури потоа, откако овие ќе бидат доследно пренесени, да се пренесе „остатокот“ на што појасен современ јазик!

11. Дали можеби имате некоја омилена драма или сонет од Шекспир?

Секако. Посебно ја сакам комедијата „Веселите жени од Виндзор“ затоа што, речиси, целата е напишана во брилијантна проза и сонетот за љубовта број 116. Има



и други драми како „Луњата“ на пример, што ги сакам, но и сонети особено оние од 130 до 152 посветени на некоја црномуреста дама!

12. „Вилијам Шекспир, Сите драми и сонети“ во издание на „Каприкорнус“ со своите 1650 страници е навистина капитално дело. Набргу по издавањето имавте средба со министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска и министерот за образование Спиро Ристовски, од кои за вашиот потфат добивте благодарност и најава дека книгата која беше објавена во 50 примероци со помош на двете министерства ќе биде отпечатена во поголем тираж и дека ќе се дистрибуира до библиотеките и училиштата. Дали оваа најава се оствари?

Јас верувам дека ќе се оствари особено сега кога се завршени изборите и сите смени во министерствата се направени. Министреката за култура, д-р Елизабета Канческа-Милевска која, за среќа, остана на својата позиција во Министерството за разлика од министерот Спиро Ристовски кој, за жал, не остана, секогаш (што особено го почитувам и ценам) држела до својот збор и го одржувала своето ветување. Јас верувам дека сега, кога има објективни услови за тоа, Министерството за култура (а можеби и за Образование и Наука) ќе помогне да се издаде Шекспир во повеќе примероци и да стане проектов достапен за пошироката македонска публика. Издавачот КАПРИКОРНУС успеа самостојно да издаде стотина примероци од делото, но, поради печатарската цена на проектот (вака издаван наменски и во мал тираж се изработува рачно и чини еден примерок 1.300 денари само за печатење со додатни трошоци на книжарниците што се движат од 30-40% од вкупната цена!) потребна е помош, пред сè од Министерствата за култура и за образование и наука за да може делото да стане подостапно за секого што сака малку повеќе да знае за овој најголем драмски автор на сите времиња, а и самиот да го согледа значењето на истиот за македонскиот јазик, образование, книжевност и култура!

13. Вашиот превод на „Крал Лир“ е користен во поставувањето на сцена на истоимената драма на Шекспир од страна на Театар Џинот од Велес, во режија на Ѕвезда Ангеловска. Имате ли информации дали и други македонски театри се користат со вашиот превод на драмите на Шекспир?

Многу сум благодарен на Велешкиот театар, на нејзиниот директор, на режисерката Ѕвезда Ангеловска и на актерите што „Кралот Лир“ го играа според мојот препев. Им имам ветено еден примерок и штом добијам од издавачот, ќе им го подарам. Инаку многу театарски претстави се играни според мои препеви на Шекспир: Првин „Комедија на грешки“ во МНТ во режија на Димитрие Османли (1989), па „Ричард Трети“ во МНТ во режија на Рахим Бурхан (1989) и на режисерот Љубиша Георгиевски во Битолскиот народен театар (2006), па претставите „Веселите жени од Виндзор“ на Битолскиот народен театар во режија на Љубиша Георгиевски (1997), па „Кротењето на опаката“ на Битолскиот народен театар во режија на Димитар Станковски (2000) и во самостојна постановка на режисерот Бранко Ставрев (2013), па претставите „Со сила убавина не бидува“ и „Мера за мера“ на Битолскиот народен театар во режија на Љупчо Ѓорѓиевски (2004 и 2005), па „Тимон од Атина“ на режисерот Бранко Брезовац, па „Ромео и Јулија“ на режисерката Зоја Бузалкова, па најголемиот успех на Битолскиот народен театар со претствата „Хенри Шести – трет дел“ на режисерот Џон Блондел што се играше на МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК на 12 и 13 мај во Шекспировиот театар во

Лондон „Глоуб“, па претставата „Од влакно ортома“ на Прилепскиот народен театар во режија на Ива Милошевиќ, па неодамнешното поставување на таа драма во Театарот Комедија во Скопје...

14. Некои македонски медиуми пренесоа дека по објавувањето на комплетните преводи на делата на Шекспир веќе нема да се бавите со превод и дека ќе се посветите само на пишување. Дали веќе работите на ново дело?

По објавувањето на Шекспир, ги објавив уште, од претходно договорените препеви, на Џон Дан, Вилијам Вордсворт и Семјуел Тејлор Колриџ, и се посветив сосема на работа врз свои раскази и романи. По Шекспир ја објавив збирката раскази и новели „Во земјата на човекојадците“, а во тек е и печатењето на мојот роман „Должници“ што верувам дека ќе наиде на добар прием кај македонската публика!

15. Англискиот јазик веќе подолго време е светска lingua franca и врши силно влијание врз другите јазици, особено врз јазиците со помалку зборувачи како македонскиот. Како гледате на оваа појава?

Ние не сме САД каде англискиот односно американскиот-англиски е доминатен (победил, според мои информации, во трката за службен јазик на САД над германскиот со еден глас повеќе!) и каде што во тој т.н мелтинг пот се создава една култура, туку дел од Европа во која, за наша среќа, се води сметка за зачувување на т.н. мали јазици и мали култури како нашата. Во таа смисла, убеден сум дека и нашиот јазик и нашата култура ќе опстанат и ќе се збогатат. Посебно ја ценам и сакам различноста како квалитет што се негува во Европа (за разлика од САД) и затоа мислам дека е правилна нашата определба да станеме дел од Европската Унија и покрај сите недозволено глупави пречки на нашиот зацртан пат!

16. Што би им порачале на младите што имаат ниет да се запишат на студии по англиски јазик и книжевност?

Работа и само работа. Учење на големите умови на англиската и американската култура, но и доаѓање до свои заклучоци. Мислење со своја глава. Слободно и независно, без влијанија и ограничувања од верска, политичка или народносна природа!

Гоце Панговски

POE'S POEMS
PARADISE REGAINED
MILTON
PARADISE LOST
The Positive Thinker
Guest
SHAKESPEARE'S COMPLETE WORKS
THE AUTOCRAT
TARKINGTON
DOUBLEDAY PAGE AND CO
NICHOLAS NICKLEBY
DICKENS

Leda and the Swan

Вилијам Батлер Јејтс (1865-1939) е голем поет и една од најзначајните личности на книжевноста на дваесеттиот век. Столб и на Ирската и на Англиската книжевност, тој на двапати бил и сенатор во Ирскиот парламент. Јејтс бил движечка сила на Ирската книжевна преродба, а го формирал и театарот Аби што долго време и го водел. Во 1923 година, тој ја добил Нобеловата награда како поет, според зборовите на Комитетот, „кој својата високо вдахновена поезија ја изразува во уметничка форма што најдобро го одразува духот на цела една нација.“ Јејтс е еден од ретките автори, добитници на највисоката книжевна награда што продолжиле да пишуваат и по нејзиното добивање и ги напишале отпосле, веројатно, своите најдобри дела како Кулата(1928) и Вртечката скала и други песни(1929).

Јејтс се родил во Даблин и се образувал во Лондон; ги поминувал, речиси сите ферија во грофовијата Слајџо, една, речиси, митска област на која многу подоцна се присетува и за која пишува во своите Автобиографии. Ја проучувал поезијата како млад, а бил фасциниран од Ирските легенди и заумните митови. Оваа убава традиција влегува како основа врз која се пишувани песните од првата негова фаза, главно симболистички, во кои јасно се чувствува влијанието на поетите Едмунд Спенсер и Перси Биш Шели. По 1900 година, особено по неговото запознавање со поетот, теоретичар и критичар Езра Паунд, поезијата на Јејтс станува попризејмена и пореалистична. Тој, во голема мера, ги напушта своите трансцеденталистички верувања од младоста, иако останал преокупиран со физичките и духовните вомјази како и со цикличните теории за животот.

Јејтс умрел во хотел во Франција, во еден студен јануари, само неколку месеци пред почетокот на Втората светска војна. Бил закопан по скромната и тајна погребна церемонија за која, уште пред ова событие, се имал договорено со, речиси, двојно помладата сопруга Џорџ, а не со револуционерката Мод Гон што многу ја сакал, но која се омажила за некој Ирски револуционер. Според Џорџ, Јејтс рекол „Ако умрам закопајте ме привремено тука, а кога догодина ќе стивне вревата и кога весниците ќе ме забораваат, откопајте ме и повторно закопајте ме засекогаш во Слајџо“.

Неговата несомнена љубов кон ова митско место, а и неговите впечатоци од детството и младешкиот живот кога во себе ги впил сите глетки што подоцна ќе се разгорат во зрели и недостижни поетски претстави и слики, најдобро се опишани во неговото прозно ремек-дело, досега непреведувано кај нас, Автобиографии.

Токму тука, крај плажите и невидените копнени убавини проткаени со нежната љубов на неговите баба и дедо, Јејтс ќе ги збогати своите вообразба и фанатазија што, подоцна, ќе ги изрази моќно со силината на недопрените тајни на својот неспорно импресивен и преубав поетски збор.

Драги Михајловски

АВТОБИОГРАФИИ - В.Б.Јејтс

Навраќања кон детството и младоста

За
оние неколукумина
претежно лични пријатели
што прочитале
сѐ што сум напишал

П р е д и с л о в и е

Понекогаш кога ќе се сетам на некој роднина што ми бил мил, или на некое чудно событие од минатото, лунѕам ваму-таму додека не најдам некој со кого ќе позборувам. Во мигов забележувам дека на мојот слушател му е здодевно; но сега кога го завршив пишувањето, можам дури да почнам со целосно заборавање на напишаното. Во секој случај, затоа што има луѓе што би ја затвориле книгата, на пријателов не треба да му биде здодевно.

Колку што знам ништо не сменив; а сепак сигурно сум сменил многу работи без да знам; зашто запишувам по многу години, а не сум консултирал ниту пријатели, ниту писма, ниту стари весници за да го опишам она што најчесто доаѓа во паметењето.

Го велам ова од страв да не некој преживеан пријател од младоста се сети на настаниве поинаку па да се навреди од книгава.

Божик, 1914 година В.Б. ЈЕЈТС

НАВРАЌАЊА НА ДЕТСТВОТО И МЛАДОСТА

Моите први спомени се делумни и изолирани и современи, божем некој ги памети првите мигови од Седумте Денови. Се чини небаре времето уште не било создадено, зашто сите мисли се поврзани со чувството и местото без некој посебно утврден ред.
Паметам како седам на нечие колено и како гледам надвор од еден Ирски прозорец во еден ѕид покриен со малтер што е напукнат и паѓа, но кој ѕид не се сеќавам, а ми кажаа дека некој роднина некогаш таму живеел. Гледам надвор низ еден прозорец во Лондон. Се наоѓа на Фицрој Роуд. Некои момчиња си играат на патот, а меѓу нив едно момче во униформа, можеби телеграфист. Кога прашувам кое е момчето, еден слуга ми вели дека тоа наскоро ќе го крене градот во воздух, па одам да си легнам вџасен.

По ова надоаѓаат спомени од Слајџо, каде што живеам со баба ми и дедо ми. Седам на тлото втренчен во безјарболниот брод-играчка со истружена и изгребана боја, и си велам со голема тага, „Поголема е од што беше,“ и додека го велам ова, се кокорам во долгата гребаница на крмата, зашто се работи посебно за гребаницата потаму. Потоа еден ден на вечера прастрико ми, Вилијам Мидлтон, вели, „Не треба да ги ослеснуваме маките на децата. Тие се полоши од нашите, зашто ние можеме да го видиме крајот на нашата мака, а тие никогаш не можат да видат каков било крај“, и јас сум благодарен, зашто знам дека сум многу несреќен и често сум си велев, „Кога ќе пораснеш, никогаш немој да зборуваш за среќата на децата како што прават возрасните“. Можеби веќе сум преживеал ноќ на беда кога, откако сум се молел со денови да не умрам, почнав да се

плашам дека умирам и се молев да живеам. Немаше причина за мојата несреќа. Никој не беше нељубезен, а баба ми по толку многу години се уште ги има мојата благодарност и почит. Куќата беше толку голема што секогаш имаше место за криење, а јас си имав црвено коњче и градина низ која можев да скитам, а имаше и две кучиња што ме следеа зад петици, едното бело со некакви црни дамки на главата, а другото со долги црни влакна преку целото тело. Имав обичај да размислувам за бога и за вообразбата што сум толку расипан, а еден ден кога фрлив со камен и погодив една шатка во дворот без врска, и и го скршив крилото, целиот бев во чудилници кога ми рекоа дека шатката ќе биде зготвена за вечера и дека не треба да ме казнат.

Дел од бедата ми беше осаменоста, а дел стравот од стариот Вилијам Полексен, дедо ми. Тој никогаш не беше нељубезен, и не можам да се сетам кога бил строг со мене, ама адет беше да се плашиме и да им се восхитуваме на дедовците. Добил слобода од некој Шпански град, најверојатно заради спасен живот, ама толку молчел што жена му никогаш не дознала за ова, до неговата, речиси, осумдесетта година и тоа од една случајна посета на еден стар морнар. Таа го прашала дали било ова вистина, а тој рекол дека било вистина, ама таа предобро го познавала за да го прашува, па неговиот стар другар од бродот си заминал од градот. И таа, имала адет, да се плаши. Знаевме дека бил на разни страни од светот, зашто имаше голема лузна од харпун на раката, а собата за ручавање му беше еден вид на склад со делови од корал и бокал вода од Јордан за крштавање на неговите деца и Кинески слики врз тенката оризова фолија како и индиски бастун од слонова коска што мене ми се падна по неговата смрт. Тој имаше силна физичка снага и го биеше глас дека никогаш не му заповедал на некој да го направи она што не сакал самиот да го стори. Тој поседуваше многу бродови, а еднаш кога еден капетан, штотуку дојден да закотви во Роузез Поинт, му рапортираше дека се расипало кормилото, пратил гласник да каже „пратете некој долу да види што не чини“. „Одбива комплетната посада,“ бил одговорот, а на ова, дедо ми рекол, „да одиме сами“, и незаповедан од никој, тој се нурнал од главната палуба и се така нуркал преку целата соседна територија покрај ситниот чакал од плажата. Излегол на површина со искината кожа, ама добро известен за кормилото. Тој бил многу насилен и си држел секирче на наткасната за евентуалните разбојници и беше во состојба да го удри човека и да го кутне наместо да го носи на суд, а еднаш го видов како лови една банда со камшик за коњи. Немаше роднини, затоа што беше единец, а како осаменик и молчалив човек, имаше малку пријатели. Контактираше со Кампбел од Аислеј што се спријатели со него и неговата посада по еден бродолом, и капетанот Веб, првиот човек што го препливал Ламанш и што се удавил пливајќи низ Нијагарините Водопади за кого работел како наемник и му бил близок пријател. Тоа се сите пријатели на кои се сеќавам, а сепак беше толку обожаван и толку му се восхитуваа што кога се враќаше од зафаќањето на водите од Бат, неговите луѓе запалија цел километарски ред факли покрај железничката пруга; додека неговиот ортак, Вилијам Мидлтон, чиј татко по големиот глад со недели ги посетуваше болните, и фати колера од еден човек што си ја донесе на раце во сопствената куќа и си умре од неа, беше учтив со сите и попаметен од дедо ми, зашто дојде и си отиде незабележан од никој. Мислам дека го помешав дедо ми со Господ, зашто паметам во еден од оние мои напади на тага кога се молев да ме казни за моите гревови, како се стаписав и вцасив кога едно дрско девојче – братучетка, мислам – откако се изначека

под едни дрвја од дрворедот, каде што знаеше дека ќе помине близу четири часот на пат кон крчмата, му рече, „да сум на твое место, а ти да си девојче, ќе ти дадам кукла.“

Сепак и покрај сиот восхит и возбуденост, ниту јас ниту кој било друг не мислевме дека грешиме што сакавме да му ги надитриме насилноста или строгоста; а и неговиот недостиг на сомнеж и нешто беспомошно кај него го направи ова лесно додека ни ги шилкаше чувствата. Кога сигурно сум бил уште многу мал, можеби имав седум-осум години, ме извика еден од стриковците од кревет една ноќ, за да јавам седум-осум километри до Роузес Поинт и да позајмам железнички коњ од еден братучед. Дедо ми имаше еден, ама сметаше дека е нечесно да му се дозволи на друг да га јава, но, за среќа, братучед ми не беше толку деликатен. Ме пуштија низ портата што водеше до една мала патека крај бавчата само малку оддалечена од куќата, па јавав среќен на месечина и го разбудив братучедот во куќичката тропајќи на прозорецот со мојот камшик. Повторно бев дома во два-три часот по полноќ, и го најдов возачот на дилижансата како чека на патечето. Дедо ми не мислеше дека таквата авантура е можна, зашто секоја вечер во осум веруваше дека двориштето е заклучено, а знаеше дека клучот му го носат нему. Некој слуга еднаш заглавил ноќе, а тој беше уредил сите да бидат заклучени. Тој никогаш не го дозна она што сите во куќата го знаеја, дека и покрај сето свечено носење на клучот, портата никој не ја заклучуваше.

Дури и денеска кога ја читам Кралот Лир тој пред мене постојано ми се јавува, и често се прашувам дали задоволството кон страствени луѓе во моите драми и во мојата поезија е повеќе од спомен на него. Сигурно не знаел, иако не можев како дете да пресудам, зашто бегаше кон морето како дете, „отиден на море низ клучалката“ како што ќе речеше, а јас го паметам само со две книги – Библијата и Бродоломот на Фолконер, малечка, во зелено обвиена книга што секогаш стоеше на неговата маса; тој припаѓаше на еден помлад огранок од старата фамилија Корниш. Татко му бил во војската, се пензионирал и станал сопственик на бродови, а една гравура на стара фамилија што дедо ми мислеше дека е негова висеше одма до обоениот семеен грб во малото задно одајче. Мајка му била жена од Вексфорд, и постоеше предание дека семејството било поврзано со Ирска со поколенија а еднаш добило дел од некоја стара размена на Голвеј со Шпанците. Тој мошне беше горделив и не си ги сакаше соседите, додека жена му, од семејството Мидлтон, беше нежна и трпелива и даваше многу милостини во задното темно одајче што ги одбираше меѓу поставените палта и шалови, а секоја ноќ, кога ќе видеше дека тој заспал, одеше околу куќа сама со свеќа за да се увери дека ниеден арамија не е во опасност од секирчето. Таа навистина си ја сакаше бавчата, и пред грижата за куќата да падне на неа, го избираше омиленото цвеќе и го прекопираше на оризова хартија. Видов некои од нејзините ракотворби другиот ден и се чудев на прецизноста од формата и бојата за чие ракување беше потребна дури и лупа, толку беа ситни. Не паметам други слики освен кинеските и некои обоени отпечатоци од битки на Крим врз ѕидот на преминот, како и една слика на брод на крајот од преминот потемнета од времето.

Моите возрасни стриковци и тетки, многубројни синови и ќерки на дедо ми, доаѓаа и си заминуваа, и речиси се што рекле или направиле исчезнало од мојата глава, освен неколкуте груби зборови што ме уверуваат по својата сочност од мерата надвор за нивната грубост, дека сите биле вообичаено љубезни и обѕирни. Најмладиот од стриковците, беше снажен

и смешен и имаше поставено преку клучалката од вратата кожинка за да не му влегува сушата в соба, а друг чија спална беше на крајот од долгиот камен премин, имаше модел од воен врод во срчена футрола. Беше паметен човек и ги имаше дизајнирано пристаништата на Слајџо, ама тогаш полудуваше и измислуваше некаков воен брод што не може да се потопи, објаснуваше во памфлетот поради трупот на бродот од тврдо дрво. Само пред шест месеци сестра ми се разбуди од сонот во кој виде како држи бескрилна морска птица в раце, и веднаш чу вест дека тој умрел во лудница, зашто морската птица е знак што ја најавува смртта или опасноста за Поликсен. Еден мој стрико, Џорџ Полексен, подоцна астролог и мистик, и мој драг пријател, доаѓаше многу ретко од Балина, еднаш за една трка со двајца водачи на поштенски кочии облечени во зелено; а имав и еден помлад стрико, истиот што ме беше испратил да му донесам железнички коњ. Тој беше омилениот син на баба, и бил, ми кажа еден од слугите, истеран од училиште затоа што кренал ќускија на некој насилник. Можам да се сетам на единствената казна што сум ја примил од баба ми. Си играв во кујната и еден слуга, мошне грубо заигран, ми ја извади кошулата од панталонита напред, токму кога влезе баба ми, а јас, обвинет за не знам каква детска непристојност, морав да ручам угул сам во посебна соба. Но секогаш имав страв од стриковците и тетките, а еднаш стрикото што ја беше кренал ќускијата на насилникот, ме најде како ручам јадење што баба ми ми го даде и ме искара за ова и ме засрами. Појадувавме во девет, а ручавме во четири и се сметаше за хедонизам да се јаде помеѓу овие две јадења; а еднаш една тетка ми рече дека сум го држел за узда понито и сум го удрил во истиот миг за да можам да го покажам додека сум минувал низ градот, а јас, затоа што бев обвинет за, ми се чини, најцрно злосторство, цела ноќ се чувствував бедно. Навистина малку паметам од детството но болно е. Станував посреќен со секоја година од животот, небаре постепено освојував нешто во себе, зашто сигурно моите несреќи не ми ги носеа другите туку беа производ на мојот сопствен ум.

2.

Еден ден, некој ми зборуваше за гласот на совеста, а јас, додека размислував за кажаното, фатив да мислам дека мојата душа, затоа што не слушав јасен глас, е загубена. Имав некои лоши денови додека, останат сам со една од моите тетки, не чув шепот на уво, „Ама си манук!“ Отпрвин си помислив дека тетка ми прозборила, ама кога видов дека не била таа, заклучив дека тоа бил мојот глас на совеста и повторно станав среќен. Од тој ден гласот се јавува во мене во мигови на криза, ама сега е глас во мојата глава што е ненадеен и што стаписува. Не ми кажува што да правам, ама честопати ме прекорува. Веројатно ќе рече, „Не е право,“ за некоја мисла; а еднаш кога се пожалив дека не се чула молитвата, ми рече, „Имаше помош“. Имав мал јарбол за знаме пред куќа, и црвено знаме со знамето на Велика Британија и на Ирска во аголот. Секоја вечер го спуштав знамето и го виткав и го ставав на полицата во спалната, ама едно утро пред појадок, го најдов иако бев сигурен дека претходната вечер го свиткав, свиткано во јазли најдолу околу јарболот и ја допираше тревата. Сигурно сум ги чул слугите да зборуваат за самовили, зашто заклучив веднаш дека самовила ги направила овие четири јазли и оттогаш верував дека барем една ми шепотела на уво. Ми рекоа, иако самиот на ова не се сеќавам, дека сум видел, дали еднаш или повеќепати не знам, натприродна птица во аголот на собата. Еднаш, исто така, се возев со баба ми малку откако се сноќи, блиску до Каналот што е на околу седум километри од Слајџо, а баба ми ми ја покажа црвената светлина

на еден кон морето тргнат параброд и ми рече дека дедо ми бил на него, а таа ноќ, во сонот, сврескав и го опишав бродоломот на парабродот. Следното утро, дедо ми се врати на еден слеп коњ најден за него од благодарните патници. Тој, како што ја паметам приказната, спиел кога капетанот го скорнал и му кажал дека ќе удрат во карпи. Тој рекол, „А дали вие пробавте да едрите на нив?“ и заклучувајќи од некои одговори дека капетанот е деморализиран ја презел командата а, кога видел дека бродот не може да се спаси, ги качил посадата и патниците во чамците. Неговиот личен чамец се превртел, па тој се спасил себеси и неколкумина други со пливање; некои жени стигнале до брегот, одржувајќи се над вода со помош на своите кринолини. „Не се плашев толку од морето колку од оној ужасен човек и неговото весло“, коментирал некој директор на училиште што бил меѓу преживеаните. Меѓутоа, осуммина мажи се удавиле, а дедо ми страдал од тој спомен одвреме-навреме цел свој живот, и ако го замолеле да ги каже семејните молитви никогаш не читал ништо туку само молитви за бродоломот кај свети Павле.

Ги паметам кучињата појасно од се друго освен од дедо ми и баба ми. Она со црни влакна немаше опашка затоа што му беше пресечена, ако не ме лажеле, од железнички воз. Мислам дека повеќе им одев зад петици одошто тие мене, и дека нивните авантури завршуваа кај зајачките дупки зад бавчата; а понекогаш дивјачки се тепаа, црното влакнесто куче, добро заштитено од влакната, најмалку страдаше. Се сеќавам на една борба што беше толку дивјачка па белото куче не сакаше да го пушти црното што го имаше фатено за влакна додека еден кочијаш не ги обеси на страна од едно ведро за дождовница, едното надвор, а другото во водата. Баба ми еднаш му рече на кочијашот да му ги пресече влакната како на некој лав, а тој, откако долго се советуваше со коњушарот, му ги пресече кај главата и рамената, а му остави кај долниот дел од телото. Кучето неколку дена го снема, а јас не се ни посомневав дека срцето му се скршило.
Имаше голема бавча зад куќата полна јаболкници, со цветни леи и тревната парцела насреде и две човечки фигури на бродови, една меѓу јаготките под еден ѕид прекриен од плодоносни дрвја и една меѓу цвеќињата. Едната меѓу цвеќињата беше бела дама во расцветана руба, додека другата, цврст човек во униформа, беше прецртана од брод со три јарбола што му припаѓаше на дедо ми и се викаше Русија, а имаше верување меѓу слугите дека цврстиот човек го претставувал царот и дека тој лично ја претставил. Авенијата или како што ја викаат во Англија дрворедот што се протегаше од вратата на тремот низ еден честак големи дрвја до една безначајна порта и еден пат што се граничеше со трошни и валкани колиби, беше долг само две-три стотини јарди и честопати мислев дека го направиле за да виугави уште, зашто судев за општетсвената важност на луѓето главно по должината на нивните авении. Идејава може дошла од коњушарот, зашто тој ми беше прв и најважен пријател. Тој имаше книга со Оранжистички рими, а деновите кога ги читавме заедно во плевната првпат ми го пружија задоволството да римувам. Подоцна, се сеќавам, ми рекоа, кога се ширеа гласови за некакво Фенијско востание, дека се делеле пушки на оранжистите; и веднаш, кога почнав да сонувам за идниот живот, си мислев дека сакам да умрам во борба против Фенијците. Требаше да изградам многу цврст и убав брод и да имам под своја команда дружина млади луѓе што постојано ќе тренираат како спортисти за да станат храбри и убави како младичите во приказните, а потоа да има голема битка покрај крајбрежјето на Роузес во која јас ќе загинам. Собирав ситни парчиња дрво и ги ставав на куп во аголот на дворот, а имаше и

еден стар гнил ќутук далеку во полето што често одев да го видам зашто си мислев дека бродот долго ќе го градам. Сите мои соништа беа поврзани со бродови; и еден ден еден морски капетан што беше дојден да руча со дедо ми стави рака на обете страни од мојата глава и ме крена за да ми ја покаже Африка, а друг еден морски капетан, друг ден, покажа на чадот што се креваше од виор-воденица на пристаништата зад дрвјата од лединката, небаре доаѓаше од горите, и ме праша дали Бен Булбен бил димна гора.

На секои неколку месеци одев во Роузес Поинт или во Белисодер за да видам едно друго дете што си имаше шарено пони што еднаш било во циркус, па некогаш забораваше каде е и само така кружеше без врска. Детето се викаше Џорџ Мидлтон, беше син на мојот прастрико Вилијам Мидлтон. Стариот Мидлтон купил земја во Белисодер, тогаш се верувало дека тоа е сигурна инвестиција, и во Роузес, па ја поминуваше зимата во Белисодер а летата во Роузес. Млиновите за брашно на Мидлтон и на Поликсен се наоѓаа во Белисодер и кај големата брана за лососи, брзаците и водопадот, но најчесто си го гледав братучедот во Роузес. Ние веславме во устието на реката или бевме подземани онака заедрени со тешкиот, бавен едреник или во големиот бродски чамец што беше опремен и накитен. Имаше големи визби под куќата, зашто била куќа на шверцери пред едно стотина години, а понекогаш три гласни удари ќе се чуеле на прозорецот од приемната на зајдисонце и ќе ги натерале сите кучиња да залајат: некој мртов шверцер го давал својот вообичаен сигнал. Една ноќ ги чув мошне јасно, и моите братучеди честопати ги слушаа, а подоцна и сестра ми. Еден дујменџија ми кажа дека, откако сонувал трипати за едно богатство закопано во бавчата на стрико ми, го префрлил ѕидот средноќ и фатил да копа ама се обесхрабрил „оти толку многу имало за копање.“ Му кажав на некој што ми беше рекол, а тој ме рече дека било добро што не го нашол зашто било вардено од некој дух што личел на пегла на ќумур. Во Белисодер имаш еден процеп меѓу карпите што го минував уплашен до немајкаде, зашто верував дека убиственото чудовиште токму таму живее и испушта некаков звук на постојано зуење небаре е оса.

Најверојатно преку Мидлтонови се заинтересирав за селските приказни, а сигурно првите бајки што ги чув беа во колибите околу нивните куќи. Мидлтонови го сметаа за пријател најблискиот до нив, и постојано беа во или надвор од колибите на дујменџиите и станарите. Тие беа практични, секогаш нешто правеа со рацете, бродови, ранеа пилиња, без никакви амбиции. Еден од нив беше дизјнирал параброд многу години пред да се родам и, долго време пред да пораснам, можел да се чуе – имал некој вид на застарена машина – на многу километри како шишти во Каналот како некој асматичар. Бил изграден на езеро и влечен низ градот од многу коњи, што запирале пред прозорците во кои мајка ми ги учела уроците и што го оставал пет денови целото училиште на светлина од свеќа, а се уште било крпен и прекрпуван од суеверие дека носел среќа. Се викал по вереницата на градителот Џанет што, по долго време, станало поодомаќинетот Џенет, а вереницата умрела кога сум бил млад на повеќе од одумдесет години и била чума за својот маж заради насилноста на карактерот. Еден друг Мидлтон што беше година или две поголем од мене, имаше навик да ме плаши зашто трчаше по кокошките за да дознае по нив дали дента ќе снесат или не јајца. Тие ги оставаа куќите да им се распаднат и стаклото да им падне од стакларниците, а само еден од нив, во секој случај, по вторпат погледнуваше. Беа сакани но ја немаа гордоста и резервираноста, чувството за учтивост и ред, онаа нагонска игра пред себе што им припаѓа

на оние што оставаат впечаток дека се обдарени со секојдневна вообразба.

Понекогаш баба ми ќе ме донесеше да видам едни стари аристократки од Слајџо чии бавчи се спуштаа долу до реката и завршуваа таму во еден низок ѕид полн со ѕидни цвеќиња, а јас ќе седнев на столот, збогтисан од здодевност, додека постарите од мене си го јадеа колачот со ким и си го пиеја шерито. Моите прошетки со слугите беа поинтересни; понекогаш ќе поминевме некое дебело девојче и некој слуга ќе ме убедеше да и напишам љубовно писмо а следниот пат кога ова ќе поминеше, ми го плазеше јазикот. Ама приказните на слугите ме интересираа. Во таков и таков агол некој маж добил шилинг од регрутирачки наредник затоа што стоел в буре, а потоа се свртел во него и ги покажал сакатите нозе. И во таа и таа куќа, една старица се скрила под кревет од гостите, еден офицер и жена му, а кога чула дека ја напаѓаат, скокнала и фатила да ги тепа со рачка од метла. Сите добро-познати семејства си имаа свои смешни, трагични или романтични легенди и честопати си велев колку би било страшно да се замине и да се умре каде што никој не би ја дознал мојата приказна. Години потоа, кога имав десет или дванаесет години, и бев во Лондон, се сеќавав на Слајџо со солзи, а кога почнав да пишувам, токму таму, се надевав, дека ќе ја најдам својата публика. Веднаш до Мервил каде што живеев, имаше уште една куќа опколена со дрвја, во која понекогаш одев за да го видам момчето што пестојуваше повремено таму со баба му, чие име го заборавив и ми се виде некако љубезно кон мене и пријателски расположено, иако кога отидов да ја видам кога имав три-четиринаесет години, открив дека таа беше заинтересирана само за многу мали момчиња. Кога ги повикаа гостите, се скрив во стогот сено и лежев скриен зад големиот куп сено додека еден слуга ми го повикуваше името во дворот.

Не знам колку години имав (зашто сите овие событија ми изгледаат како да се случиле вчера) кога првпат ме опијанија. Бев излезен со еден мој стрико и едни мои роднини и пловевме со јахта и се случи многу брзо. Лежев на палубата помеѓу катарката и јарболот на предниот дел и кога еден бран плисна над мене видов зелена вода над главата. Бев многу горд и искиснат до кожа. Кога повторно дојдовме во Роузес, бев облечен во алиштата на постаро момче така што панталоните ми стигаа до под чизмите, а еден дујменџија ми даде малку сиров виски. Се возев до дома во еден отворен автомобил и толку бев среќен со чудната состојба во која се бев нашол што и покрај напорите на стрико ми, му викав на секој минувач дека сум пијан, и продолжив да викам низ целиот град и насекаде додека не ме пикна в постела баба ми и не ми даде да испијам нешто што имаше вкус на црна рибизла од кое набрзо заспав.

Превод: Драги Михајловски

Рушење на американски воен авион близу Радовиш, Македонија, 24 јуни, 1944 г.

Шовинистичката кампања за присвојување на името на Македонија, како и негирање на македонската нација со сите нејзини атрибути (име, територија, историја, култура, јазик, писмо) во амплитуди со поголем и помал интензитет што понекогаш прераснуваа во масовна хистерија, е својствено за јужниот сосед од многу одамна, но особено по осамостојувањето на Македонија од југословенската федерација. Во таквиот „потфат“, со свои особености децении наназад несебично учество земаше и зема и источниот сосед на Македонија, при што мора да се потенцира дека во изминатите неколку години сè појасна станува и нивната взаемна соработка на тоа поле. Свој несомнен удел во ваквата „дејност“ секако имаат и шовинистичките кругови кај северниот и западниот сосед на Македонија, но секој непристрасен хроничар на времето и настаните би признал дека тоа е немерливо во споредба со она што кон Македонија и Македонците се прави од страна на официјална Грција и Бугарија.

Во таквата немилосрдна кампања не се бираат средства и начини за да се омаловажи, исплука, присвои, искривоколчи или негира сè што е македонско. Ако во минатото тоа беше во доменот на печатените изданија (книги и весници), како и во

настапите и јавните говори на политичарите од овие земји, со појавата и развојот на интернетот прерасна во масовна појава во која учество земаат зачудувачки голем број на Грци и Бугари, со што всушност се покажа степенот на нетолеранција, ксенофобија и отворен шовинизам во овие земји.

Една од омилените илузии во која заеднички веруваат шовинистичките кругови меѓу Грците и Бугарите, а неретко и меѓу Србите и Албанците, е тоа дека наводно Коминтерната или Јосип Броз Тито ги „измислиле“ Македонија и Македонците, и дека тие не постоеле претходно т.е. до пред крајот на Втората светска војна.

За ваквите небулози да ги докажуваат пред самите себеси, пред своите сонародници и особено пред светот, шовинистите од соседството се користат со различна „аргументација“, од која како поеклатантен пример може да се земе една поштенска маркичка од 1939 г. на која е претставено кралството Југославија со поделбата на т.н. „бановини“, каде на местото на Македонија (и дел од јужна Србија и Косово) стои „Вардарска“ (бановина). Имено се работи за претстава на административната поделба на кралството Југославија (поранешно СХС) воведена десетина години порано, во 1929 г., токму со цел да се избришат историски потврдените имиња и граници на земјите кои влегуваа во негов состав, и истите да се поместат и заменат со имињата на најголемите реки во секоја од „бановините“, а со цел преку проектот со текот на времето признатите конститутивни нации на Србите, Хрватите и Словенците, како и сите останати во таа држава да се слеат во една и единствена „југословенска нација“.

Траги-комедијата во користењето на маркичката со претставата на поделбата по бановини на кралството Југославија пред сè од страна на грчките шовинисти, како некаков „аргумент“ за негирање на името на Македонија е во тоа што ако според тоа Македонија не е Македонија туку наводно „Вардарска бановина“, тогаш ни Србија, ни Хрватска[1], ни Словенија, итн. не се тоа што се и немаат право на своите имиња, туку треба да се „Моравска“, „Дунавска“, „Савска“, „Дравска“ бановина, итн.

Таквата пак траги-комедија преоѓа во фарса кога ќе се соочиме со фактот дека ваквата и слична „аргументација“ не се користи само на интернет, туку и во квази-научни печатени изданија во голем тираж и скап повез, зад кои стојат наводни „научници“ и цели „научни институции“, и кои преведени на англиски јазик веќе со години им се делат на дипломатските и други претставници на земјите од Европа и светот.[2]

За жал ваквите пишувања, изјави, објави, постапки

[1] На маркичката за разлика од другите историски потврдени имиња на замјите стои „Бановина Хрватска

[2] Iakovos D. Michailidis “Irredentism and policy: FYROM official state papers, 1944-2006”, Macedonianism, FYROM’S Expansionist designs against Greece, 1944-2006, Society for Macedonian studies, Ephesus publishing, Thessaloniki/Athens, 2007, 18-19.

5. Where were you when you left formation? Over Macedonia near Radovich.

9. Where did your aircraft strike the ground? Near Radovich in Macadin a.

и слични манифестации насочени кон Македонија воопшто не се новост и се само капка во океанот, на чии „бранови“ се изложени повеќе генерации Македонци.

Лагата дека Македонија и Македонците се нешто друго лесно се побива токму преку стотиците објавени и веќе познати грчки и бугарски документи.

Во оваа прилика ќе приложиме еден документ од американската национална архива од времето на Втората светска војна. Имено, се работи за еден формулар/прашалник за ранети и загинати при една авионска мисија. Прашалникот е пополнет од американскиот авијатичар Мелвин Џ. Руд Јуниор (Melvin J. Rudd JR.) којшто, како што пишува, со авион полетал од Италија во мисија за напад на градот Плоешти[3] во Романија.

На прашањето: Каде бевте кога ја напуштивте формацијата?[4], Руд Јуниор одговорил:

„Над Македонија, близу Радовиш.“

Тој изјавил дека авионот му се срушил на 24 јуни, 1944 г., а на прашањето: Каде вашиот авион удри во земја? Одговорил: „Близу Радовиш во Македонија.“[5]

Според изказот само еден член на екипажот загинал, додека сите други безбедно се исфрлиле од авионот, пред да се сруши.

Од ова американско военo и сосема непристрасно сведоштво јасно се гледа дека Македонија си била и си останала Македонија, и нејзиното име ниту можеле, ниту некогаш ќе можат да го избришат кампањите на шовинистичките кругови кај нејзините соседи.

Гоце Панговски

[3] Во оригиналот погрешно пишува: „POLESTI“

[4] „Формацијата“ што се споменува најверојатно била составена од повеќе авиони, бомбардери.

[5] Во оригиналот, во ова второ спомнување на Македонија во прашалникот, погрешно е запишано: „Near Radovich in Macadin a.“

AFPPA-12

CASUALTY QUESTIONNAIRE

1. Your name MELVIN J. RUDD JR. Rank 1ST. LT. Serial No. 0-815561

2. Organization 376th Gp Commander Col. Fellow (full name) Rank Col Sqn CO Schmidt (full name) Rank Lt. Col.

3. What year 1944 month JUNE day 24 did you go down?

4. What was the mission, High altitude B. , target, POLESTI , target time, 10:20 , altitude, 27000 route scheduled, Italy direct , route flown As Briefed .

5. Where were you when you left formation? Over Macedonia near Radovich.

6. Did you bail out? Yes

7. Did other members of crew bail out? All but one.

8. Tell all you know about when, where, how each person in your aircraft for whom no individual questionnaire is attached bailed out. A crew list is attached. Please give facts. If you don't know, say: "No Knowledge". Lt. Brooks, nav, and Sgt. Sessions, nose gunner left by the front Bombbay. Sgt. Householder, ball gunner Sgt. Siler, tail gunner and Sgt. Goldberg went out the camera hatch. Lt. McCarty co-pilot and Sgt. Mayhew, eng. left by front bombbay. Lt. Hauskins, bomb. left by the rear bombbay.

9. Where did your aircraft strike the ground? Near Radovich in Macadin a.

10. What members of your crew were in the aircraft when it struck the ground? (Should cross check with 8 above and individual questionnaires) Sgt. Henry was the only man left in the ship.

11. Where were they in aircraft? Top Turret.

12. What was their condition? Dead

13. When, where, and in what condition did you last see any members not already described above? Saw Sgt. Sessions just before he jumped.

14. Please give any similar information on personnel of any other crew of which you have knowledge. Indicate source of information.

(Any additional information may be written on the back)

6-3862, AF

Отворено писмо на редакцијата на Македонска Ризница до властите на С.Р. Германија

Почитувани,

С.Р. Германија веќе подолг период игнорантски ги посматра барањата на Р. Грција за промена на името на нашата татковина Р. Македонија. Германската надворешна политика е во насока на постојано укажување на потребата од компромис во спорот за името на нашата земја кој што Р. Грција ни го има наметното, односно од потреба да го смениме името на нашата земја што за нас како Македонци е најголем тип на навреда.

Ние како граѓани на Р. Македонија сакаме да истакнеме дека евентуална промена на името на земјата во која што живееме за нас ќе значи своевиден геноцид, лишување од историја со која што толку многу се гордееме и губење на основното обележје кое што нѐ прави она што сме - Македонци. Ве уверуваме дека никогаш и под никакви услови нема да се согласиме со промена на името на нашата земја, па затоа како политичари и функционери на С.Р. Германија направете напори, политиката на С.Р. Германија кон нашата земја да не биде на истата страна како грчките барања за уништување на сѐ она што е македонско.

Замислете дали доколку некој од вас побара да го промените името на вашата земја Германија вие самите би се согласиле. Секако дека не. Барањата кои што нашиот јужен сосед ги поставува се неаргументирани, апсурдни и максималистички и никој здраворазумен човек не би се согласил со нив. Затоа спорно е зошто надворешната политика која С.Р. Германија ја има по однос на ова прашање е инсистирање на прифаќање на компромис, односно промена на името на нашата земја.

Промовирајќи идеи за компромис, кој што би требало да го направиме во врска со нашиот идентитет, нема да донесе никаков позитивен резултат ниту за Р. Македонија ниту за С.Р. Германија. Ние, граѓаните на Македонија, никогаш нема да се согласиме со примена на името на нашата земја исто како што и вие не би се согласиле на промена на името на вашата земја. Повиците за компромис кои С.Р. Германија ги испраќа кон Р. Македонија можат да бидат само во взаемна штета, односно во функција на нарушување на пријателството меѓу македонскиот и германскиот народ. Македонците немаат никакви отворени прашања со Германците, но исто така не гледаат со благонаклоност кон оние кои што застануваат зад геноцидните и спротивни на меѓународното право барања исто како што и вие Германците не би гледале благопријатно кон нас Македонците доколку од вас побаравме да го промените името на вашата земја.

Во Македонија не постои антигерманско расположение, ниту пак такво било кога имало од осамостојувањето на земјата па сѐ до денес, според тоа нејасно е зошто германската надворешна политика по прашањето на името на нашата земја инсистира на компромис, односно негова промена.

Сакаме да потсетиме дека еден од најомилените, ако не и најомилениот, странски дипломат во Македонија беше токму првиот амбасадор на С.Р. Германија во Р. Македонија - Ханс Лотар Штепан. Делото кое што тој го остави и по неговото заминување од земјата и од овој свет и понатаму наидува на огромна почит од страна на Македонците. Секое споменување на овој политичар во Македонија е проследено

со најпозитивни зборови, а тие зборови и те како се редистрибуираат и на општиот впечаток за С.Р. Германија. Со спроведување на надворешна политика во функција на промена на името на Р. Македонија, германските функционери само ја затемнуваат светлата слика која што Македонците ја имаат кон С.Р. Германија.

За разлика од ова пак, во последните неколку години, во Р. Грција, антигерманското расположение ескалираше. На протестите кои што се одржаа по повод пристигнувањето на германската канцеларка Ангела Меркел во Атина, во октомври 2012 година, дел од грчката јавност ја поистовети С.Р. Германија со нацизмот. На еден од транспарентите, кои што илјадниците Грци ги носеа на протестите, пишуваше „госпоѓо Меркел - гитла" (Frau Merkel get out)[1]. На друг транспарент пак испишано беше „Керко на Хитлер гитла од Грција и не на четвртиот рајх".[2]

Па сепак, и по прашањето на должничката криза која оваа земја ја има и со која што ја влече ЕУ во економска бездна, и по прашањето на спорот со името кој што резултира со дваесетгодишно заложништво на Р. Македонија, се чини дека С.Р. Германија на своја штета стои зад официјална Грција.

Не бараме од вас да работите против интересите на С.Р. Германија, напротив бараме од вас да и погледнете на вистината во очи и да престанете политиката која што вашата земја ја гради да биде на иста линија со лагите пласирани од официјална Грција. Бараме од вас да не ја подржувате Р. Грција во нејзините геноцидни барања за промена на името и идентитетот на една мала, мирољубива земја како што е Р. Македонија. Застанувањето зад барањата на официјална Грција за промена на името на нашата татковина и на нејзиното постојано блокирање за членство на Р. Македонија во ЕУ и НАТО, не е во ваша корист, а не е во корист ниту на поширокиот регион, како и на стабилноста и просперитетот во Европа.

Бараме од вас да се запрашате зошто на земја како што е Р. Грција во која што владее не само антимакедонско туку и антигерманско расположение и чии што граѓани отворено се против С.Р. Германија која наводно е главниот виновник за нивната должничка криза им давате толкава голема подршка во спорот за името кој што тие ни го наметнаа. Запрашајте се зошто на земја како Р. Грција која што ја влече целата ЕУ во рецесија ѝ ги толерирате каприците и игнорантски посматрате како таа го блокира својот северен сосед во напорите за интегрирање во ЕУ и НАТО, за што Р. Македонија ги спроведе сите потребни реформи.

Редакција

---

[1] "Debt crisis: as it happened - October 9", 2012, Telegraph, 9 октомври 2012

[2] "Griechen demonstrierten vor Merkel-Besuch", Kleine Zeitung, 8 октомври 2012: "Tochter Hitlers, raus aus Griechenland und kein Viertes Reich"

Димитар Миладинов

македонски поет
и преродбеник
1830–1862

(портрет карикатура,
молив во боја на
хартија)

Никола Анѓелкоски

ДАРКО ТАСЕВ
ТОП 10 АЛБУМИ

Дарко Тасев е роден на 19 октомври, 1974 г. Гитара почнува да свири на 6 годишна возраст и првите акорди ги учи од неговиот татко, за понатаму да продолжи сам да се надградува. Во основно училиште членува во училишниот оркестар каде за време на патроните празници бега од часови за да помине повеќе време со оркестарот.

Некаде во прва година средно училиште ја создава неговата прва сериозна група „Октавијан“ со која постигнува големи успеси. Потоа почнува да компонира и аранжира песни за други пејачи, и да снима гитари како студиски музичар. Од 2000 до 2003 г. ја сочинува едната половина од групата „Нон-Стоп“, кога таа го постигна својот најголем успех.

Во 2003 г. почнува да дава приватни часови за гитара, прво за комшиски деца и деца на пријатели, за потоа таа активност да прерасне во школо за гитара каде со задоволство им го пренесува сето свое знаење на неговите ученици, не само за свирење на гитара, туку и за компонирање, снимање на гитари и аранжирање.

1. The BEATLES – “Beatles for sale”

Оваа е меѓу првите плочи кои сам ги пуштав на грамофонот некаде на возраст од 6 години . Овој албум ми беше фаворит. Го слушав од почеток до крај. Кога требаше да ја свртам плочата на Б страна, внимавав да не ја изгребам или скршам иглата затоа што немаше секогаш игли во Музички магазин.

2. Леб и Сол

Некаде 5-6 одделение, почнувам да ја кинам „Бистра Вода“. Го совладав некако воведот и мирниот дел, а после тоа веќе беше „фата моргана“ за мене, не се стигаше. Не можам да издвојам еден албум, сите им ги слушав и сакав.

3. PRINCE – “Purple Rain”

Го имав на касета овој албум. Една од трите касети кои ни стоеа во сто-кецот (застава 101) и при секое патување се вртеа истите песни. Го гледав и филмот во кино, за мене прв музички филм, другите беа сите со карате. Гитарите на Принц ми беа интересни, песните и ритмовите беа сосема поинакви од останатите што во тоа време се слушаа.

4. DIRE STRAITS

Цела дискографија им ја имам преслушано и просто секоја песна им е евергрин. На прв поглед едноставни песни за уживање, но пробај да ги кинеш па ќе видиш со каква хармонија ќе се соочиш. Марк Нофлер, генијалецот за мене во тоа време кој свири со прсти нешто што јас ни со трзалица не можев да го изведам.

5. JOE SATRIANI – “Surfing with the alien”

Е ова е периодот кога веќе имав бенд (Октавијан). Ова е мојот пубертетски период и периодот на она „кој може побрзо“. Се утепував од вежбање, а не бев ни приближно колку него. Ми го расипа филмот овој Сатриани, а таман мислев дека знам и дека сум фраер со долга коса. На ноќната програма на ТВ одеше шпица со една бавна песна на гитара (побрза малку од „Бистра Вода“) и после пола година стигна до мене информацијата дека е од Сатриани – Always with me always with you. Сите комшии гитарџии ја учеа и се собиравме да видиме кој до кај е.



6. PINK FLOYD – P.U.L.S.E.

Стигнавме до најголемите, до генијалците. Бенд кој постави нови граници во музицирањето, компонирањето, аранжирањето, сценскиот и визуелниот настап. Бенд кој и покрај не толку розевите периоди од нивното постоење го вртеше целото внимание кон себе со секој нов сингл или албум. Го издвоив овој албум бидејќи е снимен во живо на последната нивна турнеја, албум кој ме воодушеви кога го слушнав.

7. TOTO – The Best

Бенд составен од врвни професионалци, студиски музичари за кои низ годиниве дознавав дека тие свират на албумите или песните на познатите пејачи. Стив Лукатер ми е еден од омилените гитаристи, кој исто како и Дејвид Гилмор можам да ги слушам до сабајле а да не ми здосадат.

8. BON JOVI – The Best

Мега популарен бенд со децении. Меѓу ретките кои и до ден денес свират и полнат само стадиони. Ричи Самбора уште еден мој гитарџиски идол, и секако Џон Бон Џови кој го состави бендот, но во ниеден момент не се постави како водач туку како дел од фамилијата, од големата „четворка“ Бон Џови.

9. JOE BONAMASSA

Најдобриот блузер од поновата генерација. Не можам и овде да издвојам албум, ме се допаѓа сè што има издадено. Ги имам сите негови албуми. Едноставно најдобриот блузер во моментов, кој сака да експериментира со звукот. Да комбинира засилувачи, педали и гитари, едноставно да си игра со тонот.

10. THE POLICE - Synchronicity

Мајсторско дело. Тројка, а ништо не ти фали во аранжманите. Ја вртев плочата како мал и ги слушав песните, но многу подоцна кога почнав професионално да се бавам со музика видов колку многу можат да свират три инструменти (гитара, бас и тапани). Многу храбра беше и нивната последна турнеја во истиот оригинален состав, без помош од модерната технологија и помошни музичари, да отсвират повторно во тројка и да звучат свежо.

Гоце Панговски

Знаме на македонските револуционери

Во напис објавен на 2 јуни 1940 година во австралискиот весник „Sunday Times“, меѓу другото, даден е и оскуден опис на знамето на Македонската револуционерна организација. Во написот, објавен во „Sunday Times“, насловен „Balkan Hurdy Gurdy“ пишува дека знамето било со „црвен череп со вкрстени коски “. Информација за бојата на знамето во написот не е дадена, но според книгата „Герилска борба: Историска и критичка студија“, тоа било црно.

Според книгата „Македонија – нејзините луѓе и историја“ знаме со череп и вкрстени коски се веело и за време на Илинденското востание и тоа како симбол на востанието, за подоцна, по извојуваната победа на македонските востаници да биде заменето со друго. Во истава книга на авторот Стојан Прибичевиќ, за разлика од написот објавен во „Sunday Times“, не е посочено дека черепот бил црвен, а за знамето пишува дека било „црно-бело“ , веројатно црно знаме, со бел череп со вкрстени коски.

Реконструкција на знамето според написот „Balkan Hurdy Gurdy“ и книгата „Герилска борба: Историска и критичка студија“

Реконструкција на знамето според книгата „Македонија – нејзините луѓе и историја“

НА БАЛКАНОТ

НАСЕЛЕНИЕТО ВО ГУМУРЏИНА

БРКАЊЕ НА БУГАРСКИТЕ ВЛАСТИ ЗАДОЛЖЕНИ ДА ГО ОКУПИРААТ ГРАДОТ

Страшната репутација на Бугарите поради делата на нивните комити, им ја отежнува окупацијата на територииите кои ги имаат здобиено.

Ни јавија дека во Кирџали (денес Крџали, Бугарија) и Егри Дере (денес Крива Паланка, Македонија), жителите се кренаа на оружје да се спротивстават на окупацијата на овие области од страна на бугарските војници и се бореа со жестоки борби. Во Гумурџина (денес Комотини, Грција), целото население, мажи, жени, деца, вооружени со пиштоли, коси, секири го пресретнаа бугарскиот одред задолжен да го окупира градот, и ги натераа војниците во бегство.

Le Petit Journal illustré,
14 септември 1913 (број 1191)

Превод од француски: Никола Темков



LA POPULATION DE GUMURDJINA CHASSE LES BULGARES CHARGÉS D'OCCUPER LA VILLE

DANS LES BALKANS

LA POPULATION DE GUMURDJINA CHASSE LES BULGARES CHARGÉS D'OCCUPER LA VILLE

L'effroyable renommée faite aux Bulgares par les exactions de leurs comitadjis, leur rend des plus difficiles l'occupation des territoires qui leur ont été concédés.

On signale qu'à Kirdjali et à Egri-Dère, les habitants ont pris les armes pour s'opposer à l'occupation de ces régions par les troupes bulgares et leur ont livré un combat violent. A Gumurdjina, la population entière, hommes, femmes, enfants, armés de fusils, de faux, de haches s'est précipitée au-devant du détachement bulgare, chargé d'occuper la ville et l'a mis en fuite.

Le Petit Journal
illustré du 14 septembre 1913 (Numéro 1191)



LA POPULATION DE GUMURDJINA CHASSE LES BULGARES CHARGÉS D'OCCUPER LA VILLE

L'effroyable renommée faite aux Bulgares par les exactions de leurs comitadjis, leur rend des plus difficiles l'occupation des territoires qui leur ont été concédés.

On signale qu'à Kirdjali et à Egri-Dère, les habitants ont pris les armes pour s'opposer à l'occupation de ces régions par les troupes bulgares et leur ont livré un combat violent. A Gumurdjina, la population entière, hommes, femmes, enfants, armés de fusils, de faux, de haches s'est précipitée au-devant du détachement bulgare, chargé d'occuper la ville et l'a mis en fuite.

Овде можете да ги прочитате сите прет

Секоја од насловните страници претставува линк до содрж

ходни изданија на Македонска Ризница



#ината на соодветниот изминат број на Македонска Ризница

Македонска ризница:

Можете:

да споделите – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото.

Под следните услови:

Наведи извор — Морате да го наведете изворот на ист начин како што тоа го направил авторот или давателот на лиценцата (но не на начин кој би сугерирал дека тие ве поддржуваат вас или вашето дело).

Некомерцијално — Не смеете да го користите ова дело за комерцијални цели.

Без адаптирани дела. — Не смеете да го промените, трансформирате или да го адаптирате ова дело.

Е-ПОШТА:
makedonska.riznica@yahoo.com

Медиумски покровители:

НОВА ЗОРА

ГОРЕ ГЛАВАТА!

cOoLTuRa

WWW.WHEREISMACEDONIA.ORG